Х. Е. Р. А.
асоцијација за здравствена едукација и истражување

адреса Дебарца 56
2 кат стан 4
1000 Скопје

тел. 02/3290 395
факс 02/2556 002
email hera@hera.org.mk
web hera.org.mk

До:

Претседател на Република Македонија Д-р Ѓорѓе Иванов

Скопје, 11.06.2013

Предмет: Отворено писмо

Почитуван Претседател д-р Ѓорѓе Иванов,

Ви се обраќам со ова писмо со цел да не го потпишете указот за прогласување на донесениот Закон за прекинување на бременоста усвоен вчера и со тоа да биде вратен во редовна собраниска процедура.

Претходните денови нашето општество беше разбранувано од итната постапка за донесување на Законот за прекинување на бременоста. Овој закон Министерството за здравство, како овластен предлагач го поднесе до Собранието, без притоа за тоа да ја информира јавноста, а уште помалку да отвори поширока јавна  и стручна дебата за ова многу важно прашање за жените. Пред се, со оваа постапка беа потценети жените и нивните права, но не и само тие, туку и стручната јавноста – гинеколозите и граѓанскиот сектор кои беа изоставени од процесот на консултација.

Самиот чин на поднесување и усвојување на овој закон под итна постапка е една од клучните спорни прашање бидејќи еден ваков закон силно задира во правата и слободата на жените и истиот сметаме дека може да се разгледува и носи само преку редовна постапка и поширока јавна дебата. Дополнително самиот текст на законот содржи низа одредби кои го ограничуваат правото на жената слободно да одлучува за прекинувањето на бременоста и е во спротивност на медицинските стандарди на Светската Здравствена Организација и човековите права на жените

A Member Association of
IPPF International Planned Parenthood Federation
European Network

Х. Е. Р. А.
асоцијација за здравствена едукација и истражување
адреса Дебарца 56
2 кат стан 4
1000 Скопје
тел. 02/3290 395
факс 02/2556 002
email hera@hera.org.mk
web hera.org.mk

согласно меѓународните конвенции кои оваа земја ги има ратификувано во последните 40 години . Имено овој закон ја втурнува жената во низа на административни лавиринти: поднесување писмено барање, задолжително чекање од три дена по советувањето за да се изврши интервенцијата, потпишување на писмена согласност, задолжително советување за предностите од продолжување на бременоста, а надополнети и со дискреционите права на Министерот за здравство за утврдување на текот на советувањето, формирањето на комисите кои ќе одлучуваат за процедурата по десетта недела придонесуваат усложнување на целата постапка и отежнување на жената да ја прекине несаканата бременост, кое со член 41 од уставот е загарантирано право.

Пред да ја донесете Вашата одлука помислете на сите жени во нашата држава и онаа која живее во центарот на Скопје, но и онаа која живее во Свети Николе или Беловиште. Како овој закон ќе влијае на животите на жените во нашата земја, дали административниот лавиринт кој го воспоставува овој закон, навистина ќе го подобри здравјето на жените. Здравјето на жените и нивните права не се унапредуваат со административни бариери, туку напротив со активни мерки за промоција и заштита на репродуктивното здравје на жените.

Во прилог на оваа писмо дополнително Ви ги испраќаме писмата доставени до Пратениците и Министерот за здравство од страна на: членовите на Европскиот Парламент, 72 организации од Македонија и 91 организација од целиот свет кои го осудија носењето на овој закон и застанаа во одбрана на женските права.

Доколку Ви се потребни повеќе информации зошто веруваме дека овој закон би бил штетен по здравјето, животот и правата на жените Ви стоиме на располагање во секое време.

Со почит,

Бојан Јовановски, извршен директор на ХЕРА